Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 39, 3 мај 2010 година

мај 2010 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - помлад асистент од научната област педологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно - научната област ботаника на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област растителна екологија и фитоценологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научната област хемија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент по економика на земјоделството и основи на агроекономија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област менаџмент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област историја на економската мисла на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 48

**РЕФЕРАТ** за избор на двајца соработници во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 52

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 61

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област статистика на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 68

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 74

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 77

**РЕФЕРАТ** за избор на асисистент (специјалист) за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 84

**РЕФЕРАТ**за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 87

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК - ПОМЛАД АСИСТЕНТ ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДОЛОГИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1802-43/9 од 23.2.2010 год., донесена на седница на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет, одржана на 22.2.2010 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник - помлад асистент од научната област ***педологија*** на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор/повторен избор беше објавен во весникот „Дневник", на 4.2.2010 год., и во предвидениот рок се пријавија двајца кандидати: **Далибор Јованов**, дипломиран земјоделски инженер, помлад асистент на Катедрата за педологија и агрохемија на наставната дисциплина Педологија и почвен менаџмент на Земјоделскиот факултетот при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и **Софче Трајкова**, дипломиран земјоделски инженер - насока Полјоделство. Врз основа на приложената документација, чест ни е на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **Далибор Јованов** е роден на 15 септември 1980 година во Свети Николе, каде го завршува основното и средното образование. На Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" се запишува во 1999 година, на насоката Полјоделство, и студиите ги завршува во 2004 година, со просечен успех од 8,06. Во текот на 2005 година работи како волонтер на програмата за изработка на HACCP (АОКТТ) план, финансирана од Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Република Македонија на проектот за поддршка на Регионалниот економски развој на источниот дел на Република Македонија (ГТЗ-РЕДЕМ) и Фондацијата за обнова и развој на Овче Поле - Свети Николе. Во учебната 2007 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на групата Педологија, агрохемија и микробиологија на подгрупата Педологија. Кандидатот Далибор Јованов до сега ги положува предвидените испити во согласност со студиската програма на постдипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со просечна оценка од 9,70 и на 8 февруари 2010 година ја поднесува пријавата за изработка на магистерски труд со наслов „ВОДНИ, ФИЗИЧКИ И ФИЗИЧКО-МЕХАНИЧКИ СВОЈСТВА НА СМОЛНИЦИТЕ РАСПРОСТРАНЕТИ ВО ШТИПСКИОТ, ПРОБИШТИПСКИОТ И СВЕТИНИКОЛСКИОТ РЕОН". Кандидатот Далибор Јованов од 1 јули 2007 година е вработен како помлад асистент на Катедрата за педологија и агрохемија при Земјоделскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот **Далибор Јованов**, дипломиран замјоделски инженер, од страна на Матичната комисија за формирање на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е избран во звањето соработник-помлад асистент (Одлука бр. 866 од 4.VI.2007). Со Решение од ректорот на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (број 0402-176/116),

кандидатот Далибор Јованов е распореден на Катедрата за педологија и агрохемија при Земјоделскиот факултет, на предметот Педологија и почвен менаџмент. Во досегашниот изборен период, кандидатот Далибор Јованов активно е ангажиран во изведувањето на вежбите со студентите на Земјоделскиот факултет на предметот Педологија и почвен менаџмент и истите успешно ги реализира. Исто така, во овој временски период е вклучен и во подготовката на материјалите за вежби на студентите (теоретски и практични вежби), а исто така е ангажиран и во Лабораторијата за семеконтрола. Треба да се спомене дека кандидатот Далибор Јованов активно се служи со англискиот јазик, а исто така многу солидно се служи со програмските поддршки кои се неопходни за изведувањето на вежбите за студентите Microsoft Office (Word, Excel, Power Point). Во досегашниот стручен ангажман, кандидатот Далибор Јованов се појавува како коавтор на еден стручен труд објавен во 2006 година, заедно со авторот Љупчо Михајлов (Михајлов Љ., Јованов Д., 2006) *„Производни својства на некои сорти на соја во регионот на Овче Поле“*, Годишен зборник на Земјоделски факултет, година 6, стр.41-52). Во изборниот период кандидатот нема публицирано научни и стручни публикации и нема присуства на научни и стручни конференции и семинари.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Софче Трајкова** е родена на 12 октомври 1971 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип во гимназијата „Славчо Стојменски”. Земјоделскиот факултет во Скопје го завршува во 1996 година. Во 2009 година се стекнува и со наставнички компетенции на Педагошкиот факултет во Штип. Во учебната 2009/2010 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за природни и технички при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип на Катедрата за инженерство на животната средина.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, како и врз основа на Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ број 35) член 178, кандидатот Далибор Јованов, помлад асистент на научната област *педологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип може да биде повторно избран во звањето помлад асистент за период од две години.

Имајќи ги предвид овие факти, **Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет повторно да го избере кандидатот Далибор Јованов во звањето помлад асистент на научната област *педологија* за период од две години.**

**Рецензентска комисија**
**Д-р Блажо Боев, ред. проф., с.р.**
**Д-р Лилјана Колева-Гудева, вон. проф., с.р.**
**Д-р Душан Спасов, доцент, с.р.**